**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**кон Буџетот на Општина Градско за 2026 година**

## ЗАКОНСКИ ОСНОВИ

Согласно Законот за изменување на Законот за Финансирање на единиците налокалната самоуправа објавена во "Службен весник на РСМ" бр. 173/22 од 01.08.2022 година општината **има ограничување во планирањето на приходите за тековната година** кои се планираат со пораст од најмногу 10% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција. Просечно остварените приходи се пресметуваат од сопствените приходи, односно од следните видови на приходи: даночни приходи, неданочни приходи, капитални приходи и трансфери без дотација од данокот од додадена вредност.

Овој износ **може да се зголемува во случај кога општината има документ** (решение, известување, договор и сл) со кој се утврдува дека ќе се изврши трансфер на средства од државна институција или во случај на промени кои се однесуваат на висината и видот на сопствени приходи на основниот буџет утврдени со закон врз основа на Одлука на Советот или законски промени на сопствените приходи во текот на годината кои потоа соодветно се утврдуваат во Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на општината која се донесува од Советот на општината.

Вкупниот Буџет на Општина Градско за **2026** година изнесува **123.656.738,00** денари од кои:

| | |
|---|---|
| • Сопствени приходи | 26.457.164,00 денари |
| • ДДВ дотација | 18.896.780,00 денари |
| • Наменска дотација за основно образование | 52.476.000,00 денари |
| • Договор со Министерство за образование | 20.366.794,00 денари |
| • Самофинансирачки активности - образование | 460.000,00 денари |
| • Пренесен вишок на приходи од претходна година | 5.000.000,00 денари |
| **ВКУПНО** | **123.656.738,00 денари** |

Буџетот на општината се извршува согласно Одлука за извршување на Буџетот на општината за соодветната фискална година, со која поблиску се определува начинот и условите за управување и извршување на Буџетот.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ ПРИХОДИ НА ОПШТИНА ГРАДСКО

Планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Градско во Буџетот за 2026 година се од:

1. ***Даночни приходи***
2. ***Неданочни приходи***
3. ***Капитални приходи***
4. ***Трансфери донации***

Приходите на Буџетот на општината за 2026 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија.

Со Буџетот за 2026 година се планираат износи кои се дадени во табелата:

| | | |
|---|---|---|
| **Даночни приходи** | 8.440.000 | 6,82 % |
| **Неданочни приходи** | 680.000 | 0,55 % |
| **Капитални приходи** | 15.987.073 | 12,93 % |
| **Трансфери и донации** | 98.549.665 | 79,70 % |
| **Вкупно:** | **123.656.738** | **100,00 %** |

Од табеларниот приказ се заклучува дека најголемо учество во вкупните приходи со 79,70% имаат приходите остварени од трансфери и донации, 0,55% отпаѓаат неданочни приходи, додека останатите 6,82 % се даночни приходи, 12,93% од капитални приходи.

Со анализата на даночните приходи се оценува способноста на општината да ги собере сопствените приходи особено даноците на имот и комунални такси кои преставуваат фисакален капацитет на општината и идните активности на општинската администрација треба да бидат насочени кон зголемување на приходите остварени од данокот на имот и комунални такси.

## *а) Даночни приходи*

Даночните приходи во 2026 година се планираат во износ од 8.440.000,00 денари или **6,82%** од вкупниот буџет**,** при што нивниот распоред по видот на даночниот приход е даден во табеларниот приказ:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 711 | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **1.335.000** | **15,82%** |
| 713 | **Даноци од имот** | **2.500.000** | **29,62%** |
| 717 | **Даноци од специфични услуги** | **4.305.000** | **51,01%** |
| 718 | **Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** | **300.000** | **3,55%** |
| | **Вкупно:** | **8.440.000** | **100,00%** |

Кај структурата на даночните приходи учеството на даноците од имот учествуваат, со процент од 29,62%, додека, данокот на специфични услуги ќе учествува со 51,01%, на данокот на доход, од добивка и од капитални добивки отпаѓа 15,82% додека таксите на користење или дозволи за вршење на дејност учествуваат со 3,55%.

Ако посебно се анализираат само даноците од имот, се согледува нивната структура и учество во вкупниот износ на овој вид данок:

| | | |
|---|---|---|
| **713111** | **Данок на имот од физички лица** | **900.000** |
| **713113** | **Данок на имот од правни лица** | **800.000** |
| **713211** | **Данок на наследство и подарок** | **300.000** |
| **713311** | **Данок на промет на недвижност и и права** | **500.000** |
| | **Вкупно:** | **2.500.000** |

## *б)Неданочни приходи*

Структурата на неданочните приходи за 2026 година во вкупниот Буџет на Општина Градско учествува со **680.000,00** денари односно **0,55%** од вкупниот буџет и е претставена во следната табела. Тие се составени од други владини услуги, такси и надоместоци и други неданочни приходи.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **100.000** | **14,71%** |
| **723** | **Такси и надоместоци** | **460.000** | **67,65%** |
| **725** | **Други неданочни приходи** | **120.000** | **17,65%** |
| | **Вкупно:** | **680.000** | **100,00 %** |

## *в)Капитални приходи*

Стуктурата на капиталните приходи во вкупниот буџет за 2026 година ја сочинуваат приходите на земјиште и нематеријални вложувања. Тие учествуваат во вкупниот буџет со вкупен износ од **15.987.073,00** денари односно **12,93%.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **733** | **Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **15.987.073** | **100,00%** |
| | **Вкупно:** | **15.987.073** | **100,00%** |

## *г)Трансфери и донации*

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите од странство во вкупниот Буџет на Општината за 2026 година се застапени со вкупен износ од **98.549.665,00** денари или **79,70%,** при што одделните приходи во оваа ставка се со следните износи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **98.549.665** | **100,00%** |
| | **Вкупно:** | **98.549.665** | **100,00%** |

Во делот на трансфери од други нивоа на власт доминираат дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија за остварување на надлежностите во основното образование со вкупен износ од 52.476.000,00 денари, потоа следат дотациите по основ на приходи од ДДВ во вкупен износ од 18.896.780,00 денари, капиталните трансфери од други нивоа на власт со 20.366.794,00 денари, трансфери од буџетите на фондовите во вкупен износ од 1.810.091,00 денари како и пренесен вишок од претходна година во висина од 5.000.000,00 денари.

Во донации од странство во Буџетот на Општина Градско за 2026 година не се планирани средства.

## ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА ГРАДСКО

Вкупните планирани расходи на Општина Градско за 2026 година изнесуваат **123.656.738,00** денари и со тоа се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **40** | **Плати, наемнини и надоместоци за вработените** | **55.653.000** | **45,01%** |
| **41** | **Резерви и недефинирани расходи** | **100.000** | **0,08%** |
| **42** | **Стоки и услуги** | **24.863.658** | **20,11%** |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **5.271.410** | **4,26%** |
| **47** | **Социјални бенифиции** | **750.000** | **0,61%** |
| **48** | **Капитални расходи** | **37.018.670** | **29,94%** |
| | **Вкупно:** | **123.656.738** | **100,00%** |

Од табеларниот приказ може да се констатира дека во вкупните планирани расходи на општина Градско за 2026 година, учеството на капиталните расходи е со **29,94%** со што ќе се иницира изградба на нова инфраструктура и ќе се подобрат јавните услуги.

Во делот на расходите 20,11% се обезбедени за редовното функционирање на општината каде се содржани и расходите за финансирање на комуналните услуги и тековното одржување на основното образование, детската заштита и музичко-сценската уметничка дејност. Во Буџетот на Општина Градско се обезбедени средства за функционирање на едно основно училиште.

Резервите и недефинираните расходи учествуваат со 0,08% во вкупните расходи на општината и истите се во рамки на законски утврдениот максимум.

Платите и надоместоците на вработените во општинската администрација, локалните јавни установи вклучувајќи ги и надоместоците за членовите на советот на општината учествуваат со 45,01%.

Субвенциите и трансферите во најголем дел ги опфаќаат трансферите до невладините организации, спортските клубови и локалните општински установи ќе учествуваат со 4,26%.

Социјалните бенефиции ќе учествуваат со 0,61%.

## ТЕКОВНО - ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно - оперативните и капиталните расходи.
Со пренесените надлежности во образованието се зголемува фискалната одговорноста на општината.

| | | |
|---|---|---|
| **40** | **Плати, наемнини и надоместоци за вработените** | **55.653.000** |
| **41** | **Резерви и недефинирани расходи** | **100.000** |
| **42** | **Стоки и услуги** | **24.863.658** |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **5.271.410** |
| **47** | **Социјални бенифиции** | **750.000** |
| | **Вкупно:** | **86.638.068** |

## Плати, наемнини и надоместоци за вработените

Платите и надоместоците кои се неопходни за функционирање на Општина Градско и локалните јавни установи се планираат да опфатат околу 64,24% од вкупно планираните тековно оперативни расходи во 2026 година.

| | | |
|---|---|---|
| **401** | **Основни плати** | **38.280.000** |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување од работодавачи** | **14.723.000** |
| **404** | **Надоместоци** | **2.650.000** |
| | **Вкупно:** | **38.280.000** |

## Резерви и недефинирани расходи

Во 2026 година во буџетот на општина Градско се планираат и 100.000,00 денари како тековни резерви (разновидни расходи) кои учествуваат со 0,08 % во вкупниот буџет на Општината, а се предвидени во програмата Д0-Градоначалник .

| | | |
|---|---|---|
| **413** | **Тековни резерви** | **100.000** |
| | **Вкупно:** | **100.000** |

## Стоки и услуги

Во 2026 година планираниот дел на Буџетот на Општина Градско кој се однесува на стоки и услуги наменет за потребите на локалната самоуправа, основното училиште изнесува 28,70% од вкупно планираните тековно - оперативни расходи.

| | | |
|---|---|---|
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **120.000** |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт** | **7.048.000** |
| **423** | **Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки** | **3.322.550** |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **5.930.595** |
| **425** | **Договорни услуги** | **5.157.000** |
| **426** | **Други тековни расходи** | **2.070.000** |
| **427** | **Привремени вработувања** | **1.215.513** |
| | **Вкупно:** | **24.863.658** |

## Субвенции и трансфери

Средствата за субвенци и трансфери опфаќаат 6,08% од вкупните планирани тековно оперативни расходи во буџетот.

| | | |
|---|---|---|
| **461** | **Субвенции за јавни претпријатија** | **2.383.620** |
| **463** | **Трансфери до невладини организации** | **400.000** |
| **464** | **Разни трансфери** | **2.487.790** |
| | **Вкупно:** | **5.271.410** |

## Социјални бенифиции

Социјалните надоместоци опфаќаат 0,87 % од вкупните тековно оперативни расходи.

| | | |
|---|---|---|
| **471** | **Социјални надоместоци** | **750.000** |
| | **Вкупно:** | **750.000** |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, реконструкција на улици и патишта, како и изградба на други објекти (Проширување и доградба на ООУ “Даме Груев” Градско со нови училници) , набавка на машини, како и надоместок за одземен имот (Експропријација за КП парцели кои се предвидени за проширување на гробните места). Овие расходи се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата во општината. Учеството на капиталните расходи изнесува **29,94%** во вкупните расходи за 2025 година**.**

| | | |
|---|---|---|
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **2.973.876** |
| **482** | **Други градежни објекти** | **33.636.794** |
| **485** | **Вложувања и нефинансиски средства** | **408.000** |
| | **Вкупно:** | **37.018.670** |

## ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГРАДСКО

### АО-СОВЕТ НА ОПШТИНА

Во оваа програма се планираат тековно–оперативните расходи поврзани со работата на советниците во Советот наопштината и тоа за:

1. Надоместоци за советниците,
2. Стоки и услуги,
3. Субвенции кон јавни комунални претпријатија,
4. Други трошоци директно поврзани со работата на советниците (телефонски сметки, материјални трошоци др.),
5. Други трошоци кои се директно поврзани со работата и надлежностите на Советот (награди кои ги доделува Советот на општината).
6. Социјални надоместоци (еднократна парична помош, стипендии за студенти и за млади таленти, новороденчиња и трансфери до здруженија на граѓани и фондации)

- Работата на Советот на Општина Градско се финансира во износ од **5.743.620,00 денари**.

### А1 – ИЗБОРНИ АКТИВНОСТИ И РЕФЕРЕНДУМ

Во оваа програма се планираат тековно–оперативните расходи поврзани со работата на Општинската изборна комисија и избирачките одбори во врска со спроведување на предвидените локални избори кои ќе се одржаа во текот на 2025 година .

Овие расходи се предвидени како трансфери во вкупна вредност од **1.197.790,00 денари.**

## Д0-ГРАДОНАЧАЛНИК

Во оваа програма се планираат тековно–оперативните расходи кои се потребни за работа на градоначалникот на општината и тоа:

1. Плати и надоместоци од плати
2. Стоки и услуги,
3. Субвенции и трансфери
4. Социјални бенефиции.

Работата на Градоначалникот на Општина Градско се финансира во износ од **2.208.000,00** денари.

## ЕО-ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи кои се потребни за работа на општинската администрација и тоа:

1. Плати и надоместоци за вработените во општинската администрација.
2. Тековно - оперативните трошоци потребни за работењето на општината, вклучувајќи го и работењето на советот, градоначалникот и кабинетот на градоначалникот (канцелариски материјал, телефонски сметки и интернет, потрошена електрична енергија, вода, тековно – оперативни трошоци поврзани со одржување на возила и објекти други трошоци).

Средства кои се планираат за работата на општинската администрација се во износ од **22.169.108,00** денари.

## ЕА- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НАОПШТИНАТА

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за следниве намени:

1. Набавка на компјутерски софтвер за буџет.

Програмата е планирана со средства во износ од **8.000,00 денари.**

## ФА - УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за надомест за одземен имот или експропријација за КП парцели наменети за проширување на гробните места во Градско.

Програмата е планирана во висина од **400.000,00** денари.

## ГА - ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се однесуваат на планирање, проектирање и изградба на комерцијални и други инфраструктурни објекти во општината, поточно овие средства се планирани за изработка на проектна документација за реконструкција на фасадите во централното подрачје во Градско.

Програмата е проектирана во висина од **100.000,00** денари.

## Ј3 - ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со потрошена електрична енергија за улично осветлување, одржување и функционирање на системите за јавно осветлување во општината.

Финансирањето на оваа програма е на износ од **2.200.000,00** денари.

## Ј5 - ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

Во оваа програма се планираат тековно - оперативните расходи поврзано со организирање на превоз на патници и тоа бесплатни екскурзии за пензионери, земјоделци, крводарители и сл.
Во оваа програма се планирани средсва во висина од **50.000,00** денари.

## Ј6 - ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со:

– Активности за редовно одржување на коловозот и патот;
– Чистење на коловозот, уредување на банкини, заштита на косини, насипи, усеци изасеци, чистење и уредување на одводите на патот, сливници, поправка на потпорни и обложни ѕидови, тунели и други објекти на патот;
– Одржување на прегледност на патишта;
– Чистење на снег и мраз на коловозот, посипување на коловозот со сол или други абразивни средстваи
– Чистење, замена и поправка на хоризонтална и вертикална сигнализација на патот, на огради и заштитна мрежа на патот и на друга опрема на патот.

Предвидени средства во буџетот за 2026 година за финансирање на оваа програма се на износ од **800.000,00** денари.

## Ј7 - ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на постојните паркови и останати зелени површини и обновување на зеленилото во општината. Висината на планираниот износ на расходи поврзани со програмата е **300.000,00 денари.**

## Ј8 - ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со извршување на дополнителни комунални услуги во општината, кои не се опфатени во другите програми, а се од суштинско значење за одржување на јавната хигиена, здравје и безбедност, како што се дезинсекција, дератизација, ерадикација, отстранување на хаварисани возила и други расходи поврзани со извршување на посебни комунални задачи во надлежност на општината. Висината на планираниот износ на расходи поврзани со програмата е **236.000,00 денари.**

## ЈА - ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со набавка, реконструкција и поставување на нови системи за јавно осветлување.

Планираните расходи за оваа програма се за исплати по основ на склучен договор за Јавно приватно партнерство за реконструкција на системот за јавно осветлување преку замена на постојните натриумови светилки со нови лед светилки за што вкупната сума на годишно ниво изнесува 2.073.876,00 денари.
Оваа програма опфаќа вкупно средства во висина од **2.073.876,00 денари.**

## ЈД - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба и реконструкција на локални патишта и улици на територијата на општината Градско, како и средства за изработка на проектна документација и вршење на стручен надзор над изградбата.

Во буџетот на општината средствата предвидени за реконструкција на улици, патишта се во висина од **9.870.000,00 денари.**

## ЈГ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителниот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема.

Во буџетот на општината средствата предвидени за оваа намена се во висина од **700.000,00 денари.**

## Л0-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со организирање на спортски активности манифестации, поддржување на натпревари на општинско ниво, поддршка на училишниот спорт, поддршка на масовни спортско рекреативни активности на граѓаните и друго.

Во оваа програма се планирани средства во висина од **250.000,00 денари.**

## Н1-ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на основните училишта и тоа: плати и надоместоци на вработените во основните училишта, набавка на канцелариски и други материјали, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија, греење, вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради ,канцелариска опрема и возила во сопственост на основните училишта и други расходи.

Од блок дотациите се финансираат платите и тековното одржување на училиштата со средства во висина од **52.476.000,00** денари.

Во основното образование за централното основно училиште и подрачните училишта на подрачјето наопштина Градско се планираат средства од самофинансирачки активности во висина од **460.000,00** денари.

Исто така во оваа програма се предвидени и средства во основниот буџет на општината кои ќе се користат за покривање на трошоците за проектот бесплатен оброк за учениците од прво до петто одделение одобрен со одлука на советот на општината и предвиден во годишната програма за образование во вкупна висина од **1.510.110,00 денари**.

## НАА - ПРОШИРУВАЊЕ И ДОГРАДБА НА ООУ ДАМЕ ГРУЕВ ГРАДСКО СО НОВ ОБРАЗОВЕН ОБЈЕКТ

Станува збор за Развојна програма ННА - Проширување и доградба на ООУ "Даме Груев" Градско со нов образовен објект која е составен дел од буџетот на Општина Градско за 2026 година. Реализацијата на проектот е започната во текот на 2025 година. Вкупната вредност на договорот е 25.458.493,00 денари со вклучен ДДВ.

Согласно одредбите од договорот изведувачот побара исплата на аванс во висина од 20% од вредноста на договорот и на ден 04.11.2025 година бараниот износ од 5.091.699,00 денари е исплатен од страна на Општина Градско на изведувачот.

Со оглед на динамиката на изведување на работите во оваа развојна програма за 2026 година е предвиден остатокот од средствата до вкупната вредност на проектот во висина од **20.366.794,00** денари

## ЉО - ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со преземање на мерки и активности поврзани со заштитата, спасување и отстранување на последиците предизвикани од природни и елементарни непогоди и катастрофи. Програмата е придвидено да се финансира со средства во висина од **87.440,00** денари.

## В1-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на детските градинки и тоа: плати и надоместоци на вработените во градинките, набавка на канцелариски и друг материјал, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија, греење, вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради, канцелариска опрема и др. Планираните средства од **400.000,00денари** ќе се користат за покривање на трошоците од проектот на општинта за обезбедување на бесплатна градинка за секое дете.

## Џ1-РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Во оваа програма се планираат тековно–оперативните расход и поврзани со родовата еднаквост. Во Програмата се планираат активности во делот воведување на родовиот пристап во креирање на политики, донесување на одлуки и пристап до ресурсите на општината. Средствата кои се предвидуваат за финансирање на оваа програма се на износ од **50.000,00** денари.

*Изработил:*
*Елена Смилкова*

*Одделение за финансиски прашања*